ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 16.09.2013

# СООПШТЕНИЕ

## *За формирање на Национален Комитет за здравство*

Директорката на ФЗОМ, м-р Маја Паранџиева Змејкова информираше дека денес Националниот Комитет за здравство е формиран и истиот ја имаше својата прва работна средба. Целта на овој Национален Комитет е унапредување на координацјата меѓу Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурвање на Македонија и потпретседателите на Владата на Република Македонија задолжени за екомонски прашања. Директорката на ФЗОМ истакна дека резултатие кои се очекуваат од овој Комитет се следниве:

- Поголема отчетност на економските директори на јавните здравстевени установи
- Следење на извештаи за работењето на јавните здравствени установи преку контрола на извршените финансиски контроли на редовни квартални средби
- Проверување дали се почитуваат препораките од внатрешната ревизија на Министерството за здравство и Државниот завод за ревизија и Државниот санитарен инспекторат
- Ќе се разгледува и кои се можните решенија да се подобрат слабостите кои се детектирани кај јавните здравствени установи

Овој Национален Комитет има советодавна улога и е основан врз база на Владина програма. Комитетот ќе ја следи работата на јавните здравствени установи, ќе детектира пробелми и ќе нуди решенија за истите. Во Националните Комитет членуваат претставници од Министерство за здравство, ФЗОМ, од кабинетот на Потпретседателот задолжен за економски прашања, а претседател е замник министерот за здравство, Јовица Андовски.

На денешниот прв работен состанок на дневен ред е работењето на сите 32 јавни здравствени установи (клиники).

Со почит,
ФЗОМ